РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
СОБРАНИЕ
НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Бр. 02-4164/3
04.07.2018 год.
СКОПЈЕ



# ПОЛИТИКА ЗА КВАЛИТЕТ

**Визија на Собранието на Република Македонија**
Законодавен дом во функција на граѓаните на Република Македонија, вреднуван согласно практиките и стандардите на Европската Унија.

**Мисија на Собранието на Република Македонија**
Функционален и модерен систем во согласност со стандардите на Европската Унија, систем кој ќе обезбеди висок квалитет во остварувањето на надлежностите на Собранието и ќе придонесе во политичкиот, економскиот и општествениот развој.

Својата визија и мисија, Собранието ги остварува со постојано зајакнување на капацитетите, преку квалитетно и транспарентно работење, одговорност при извршувањето на работните должности, како и со имплементирање на меѓународните стандарди во нашето работење.

**Собранието на Република Македонија** воспоставува **ефективен систем за управување со квалитет**, преку примена на следните начела:

- професионално, непристрасно, навремено и економично извршување на работните должности;
- Континуирано подобрување на Системот за менаџмент со квалитет низ постојано усовршување на процесите, со цел задоволување на барањата на нашите заинтересирани страни и барањата на системот за квалитет;
- Зајакнување на компетентнотста на персоналот преку континуирана едукација, мотивираност, обуки и работилници и објективно оценување на нивните знаења, вештини, способности и искуства
- стручност, преку вработување и ангажирање на стручни, искусни и одговорни лица, кои совесно ги извршуваат работните должности согласно Уставот на Република Македонија, Деловникот на Собранието, Законот за Собранието на Република Македонија и други акти од значење за работата во Собранието;
- постигнување заеднички вредности преку воспоставување и одржување на високопрофесионални односи со вработените, судската и извршната власт, меѓународни институции и организации.

Преку исполнување на барањата на стандардот **МКС EN ISO 9001:2015** во работењето на Собранието се создадаваат подобри услови за подобрување преку контрола на процесите, раководењето на човечките ресурси, како и континуирано зајакнување на капацитетите на Собранието за извршувањето на неговите надлежности.

**Скопје, Март 2018**

Генерален секретар на Собранието
на Република Македонија

Цветанка Иванова